С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 2 година XLVI

16 февруари 2011

11.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2010 до 31.12.2010

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2010 до 31.12.2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/1
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2010 до 31.12.2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2010 до 31.12.2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/3
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

12.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/2
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02), член 20, став 4 од Законот за платен промет ("Службен весник на Р.М." бр. 113/07, 22/08,159/08,133/09 и 145/10) и член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општината Велес" бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година („Службен гласник на Општина Велес" бр. 19/10) се врши изменување и дополнување во член 15, став 2, каде текстот „100 евра" се брише и се заменува со следниов текст „6.000 денари".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-701/4
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

13.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од УЕ 2-дел од УБ 19,20,21 Локалитет Речани (плански опфат помеѓу железничката пруга и новопроектирана ул.7.3,2,6.1,6,7.2) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од УЕ 2-дел од УБ 19,20,21 Локалитет Речани (плански опфат помеѓу железничката пруга и новопроектирана ул 7.3,2,6.1,7.2) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/3
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од УЕ 2-дел од УБ 19,20,21 Локалитет Речани (плански опфат помеѓу железничката пруга и новопроектирана ул 7.3,2,6.1,6,7.2) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од УЕ 2-дел од УБ 19,20,21 Локалитет Речани (плански опфат помеѓу железничката пруга и новопроектирана ул 7.3,2,6.1,6,7.2) Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од УЕ 2-дел од УБ 19,20,21 Локалитет Речани (плански опфат помеѓу железничката пруга и новопроектирана ул 7.3,2,6.1,6,7.2) Општина Велес Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/5
14.02.2011година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

14.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за долгорочно задолжување на Општина Велес за водоснабдување

Се објавува Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес за водоснабдување, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/4
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04 , 67/07 и 156/09), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05), а согласно член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

ОДЛУКА
за долгорочно задолжување на Општина Велес за водоснабдување

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочното задолжување на Општина Велес, вид и цел на задолжувањето, максималниот износ, максималната каматна стапка, условите и роковите и начинот на отплата на задолжувањето.

Член 2

Долгорочното задолжување на Општината е од општ јавен интерес и има економска и финансиска оправданост.

II ЦЕЛ НА ЗАДОЛЖУВАЊЕТО

Член 3

Цел на задолжувањето е реализација на капитален проект и тоа:

-Проект за водоснабдување на езеро Младост (урбан блок 1, урбан блок 2 и урбан блок 3) од градскиот водоводен систем.

III НАЧИН НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Член 4

Задолжувањето ќе биде долгорочно во земјата преку Проектот на Светска банка за подобрување на општинските услуги и согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Светска банка за реализација на погоре споменатиот проект.

IV ИЗНОС НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Член 5

Износот на задолжување на Општина Велес за реализирање на Проектот за водоснабдување на езеро Младост (урбан блок 1, урбан блок 2 и урбан блок 3) од градскиот водоводен систем, изнесува 42.000.000 денари.

Вкупниот износ на непристигнатиот долгорочен долг на Општината не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно-оперативниот Буџет на општината во претходната година.

Враќањето на задолжувањето ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Велес.

Член 6

Каматната стапка ќе биде утврдена на рамништето на шестмесечен ЛИБОР за евро валута со варијабилен распон.

V НАЧИН НА ОТПЛАТА

Член 7

Грејс периодот пред отпочнување на отплатата на кредитот изнесува до 3 (три) години од денот на задолжувањето.

Член 8

Отплатата на задолжувањето ќе се врши во текот на 8 години, во еднакви полугодишни ануитети.

Годишното отплаќање на долгот за долгорочно задолжување не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно-оперативниот Буџет на општината од претходната година во годината на задолжувањето.

VI СОГЛАСНОСТ И ИЗВЕСТИТЕЛНИ ОБВРСКИ

Член 9

За долгорочно задолжување на Општината потребна е претходна согласност од Владата на Република Македонија, врз претходно позитивно мислење од Министерството за финансии.

Член 10

По добивањето на позитивно мислење од страна на Министерството за финансии и по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија, општината ќе пристапи кон потпишување на договор за реализирање на задолжувањето и користење на средствата од Проектот за подобрување на општинските услуги со Министерството за финансии.

Член 11

Општината се обврзува да го известува Министерството за финансии во рок од 10 работни дена по секоја исплата на ратата во врска со отплатата на долгот.

VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Во случај да настанат значајни промени на финансискиот пазар од моментот на носењето на оваа Одлука до реализирањето на целосната постапка за долгорочното задолжување , условите предвидени во оваа Одлука може да бидат изменети и усогласени со измена и дополнување на истата.

Член 13

Советот на Општина Велес со донесувањето на оваа Одлука го одобрува отпочнувањето на постапката за долгорочното задолжување.

Член 14

Со донесувањето на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 04/10) и Одлуката за изменување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 07/10)

Член 15

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/6
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

15.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за долгорочно задолжување на Општина Велес за улично осветлување

Се објавува Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес за улично осветлување, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/5
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04 , 67/07 и 156/09), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05), а согласно член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

ОДЛУКА
за долгорочно задолжување на Општина Велес за улично осветлување

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочното задолжување на Општина Велес, вид и цел на задолжувањето, максималниот износ, максималната каматна стапка,

условите и роковите и начинот на отплата на задолжувањето.

Член 2

Долгорочното задолжување на Општината е од општ јавен интерес и има економска и финансиска оправданост.

II ЦЕЛ НА ЗАДОЛЖУВАЊЕТО

Член 3

Цел на задолжувањето е реализација на капитален проект и тоа:

-Проект за подобрување на енергетската ефикасност на уличното осветлување што се состои во замена на постоечките со нови економични светилки.

III НАЧИН НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Член 4

Задолжувањето ќе биде долгорочно во земјата преку Проектот на Светска банка за подобрување на општинските услуги и согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Светска банка за реализација на погоре споменатиот проект.

IV ИЗНОС НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Член 5

Износот на задолжување на Општина Велес за реализирање на Проектот за подобрување на енергетската ефикасност на уличното осветлување што се состои во замена на постоечките со нови економични светилки, изнесува 23.600.000 денари.

Вкупниот износ на непристигнатиот долгорочен долг на општината не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната година.

Враќањето на задолжувањето ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Велес.

Член 6

Каматната стапка ќе биде утврдена на рамништето на шестмесечен ЛИБОР за евро валута со варијабилен распон.

V НАЧИН НА ОТПЛАТА

Член 7

Грејс периодот пред отпочнување на отплатата на кредитот изнесува до 3 (три) години од денот на задолжувањето.

Член 8

Отплатата на задолжувањето ќе се врши во текот на 8 години, во еднакви полугодишни ануитети.

Годишното отплаќање на долгот за долгорочно задолжување не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно-оперативниот Буџет на општината од претходната година во годината на задолжувањето.

VI СОГЛАСНОСТ И ИЗВЕСТИТЕЛНИ ОБВРСКИ

Член 9

За долгорочно задолжување на Општината потребна е претходна согласност од Владата на Република Македонија, врз претходно позитивно мислење од Министерството за финансии.

Член 10

По добивањето на позитивно мислење од страна на Министерството за финансии и по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија, општината ќе пристапи кон потпишување на договор за реализирање на задолжувањето и користење на средствата од Проектот за подобрување на општинските услуги со Министерството за финансии.

Член 11

Општината се обврзува да го известува Министерството за финансии во рок од 10 работни дена по секоја исплата на ратата во врска со отплатата на долгот.

VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Во случај да настанат значајни промени на финансискиот пазар од моментот на носењето на оваа Одлука до реализирањето на целосната постапка за долгорочното задолжување, условите предвидени во оваа Одлука може да бидат изменети и усогласени со измена и дополнување на истата.

Член 13

Советот на Општина Велес со донесувањето на оваа Одлука го одобрува отпочнувањето на постапката за долгорочното задолжување.

Член 14

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/7
14.02.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

16.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани

Се објавува Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/6
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за култура ("Службен весник на РМ 31/08;49/03, 82/0524/07 и 116/10), член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) а согласно член 45, став од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06; 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес врши делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани од областа на културата (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

Член 2

Се делегираат надлежностите за реализација на Интернационалниот фестивал на античка драма „Стоби“ предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2011 година.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука Советот на Општина Велес ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на дел од надлежностите од областа на културата.

Член 4

Општина Велес ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

Член 5

За својата работа, вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни шестмесечни наративни и финансиски извештаи до Градоначалникот и Годишен наративен и финансиски извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Секторот за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи и Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации.

Член 6

Надлежностите од член 2 од оваа одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, како и од донации и спонзорства.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-701/8
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

17.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/8
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09 и 18/10), а согласно Извештајот за извршениот попис на основни средства (опрема) и ситен инвентар за 2010 година бр.02-165/1 од 14.01.2011 година изготвен од Комисијата за вршење на годишен попис на основните средства и ситен инвентар за 2010 година,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес, евидентирани во Буџетот на Општина Велес за 2010 година.

Член 2

Отписот и расходувањето на основните средства и ситниот инвентар се врши на предлог на Комисијата за вршење на годишен попис на основните средства и ситен инвентар за 2010 година, поради нивна дотраеност и неупотребливост.

Член 3

Бројот и видот на отпишаните и расходувани основни средства и ситен инвентар се утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука и нивната вкупна книговодствена вредност е во висина од 23.395,50денари.

Член 4

Отпишувањето и расходувањето на основните средства и ситниот инвентар ќе го изврши Комисија составена од 5 (пет) члена, која на предлог на Градоначалникот ќе ја формира Советот на Општина Велес.

Член 5

Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување.

Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со предметните основни средства и ситен инвентар (истите да се оттуѓат по пат на продажба или се уништат и исфрлат во отпад).
За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

Член 6

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства и ситен инвентар од Буџетот на Општина Велес и истата ќе ја спроведе Одделението за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/10
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

18.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2011 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/7
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 43, став 1, точка 2 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.53/01), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2011 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/9
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 46, став 1 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ”бр.82/08 и 56/10), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09 и 18/10), а во согласност со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл. весник на РМ” бр. 13/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2011 година

1.Во Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2011 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 17/10) се врши дополнување во Глава V - Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба каде после табелата со реден број 5, се додава нова табела со реден број 6 која гласи:

6.	***Објекти од група на класи на намени Г-производство,дистрибуција и сервиси:***	1.338,оо ден./м^2
	- Г1 тешка загадувачка индустрија	Коефициент 0.05
	- Г2 лесна и незагадувачка индустрија	Коефициент 0.05
	- Г3 сервиси	Коефициент 0.05
	- Г4 стовариште	Коефициент 0.05

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес"

Број 07-701/9
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

19.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред – Годишен извештај за извршената дератизација на град Велес во периодот од 01.01.2010 – 31.12.2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/10
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 8 од предложениот дневен ред: - Годишен извештај за извршена дератизација на град Велес во периодот од 01.01.2010 -31.12.2010 година, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес поради тоа што немаше присуство од предлагачот на точката.

2. Годишниот извештај ќе биде ставен на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес"

Број 07-701/12
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

20.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред – Решение за престанување на важење на Решение за определување на членови на Советот на Општина Велес во постапката за склучување на бракови, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/11
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 9 од предложениот дневен ред: - Предлог-решение за престанување на важење на Решение за определување на членови на Советот на Општина Велес во постапката за склучување на бракови, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес поради терминолошка усогласеност на зборовите одборник-советник согласно Законот за измени и дополнување на Законот за семејство.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-701/13
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

21.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претседател и членови на Комисија за вршење отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисија за вршење отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.02.2011 година.

Број 08-779/9
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.02.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претседател и членови на Комисија за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

1. За претседател на Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес се именува:

- Александар Анастасовски вработен во Општина Велес

2. За членови на Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес се именуваат:

-Душан Крстевски и
-Јовче Митковски вработени во Општина Велес
-Валентина Делиманчева Андреева и
-Марина Мијајлевска членови на Советот на Општина Велес

3.Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување, согласно предлогот на пописната комисија.

4.Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со предметните основни средства и ситен инвентар (истите да се оттуѓат по пат на продажба или се уништат и исфрлат во отпад).

5. За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

6.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-701/11
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

22.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фестивал на Античка драма „Стоби“

Се објавува Решението за разрешување на претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фестивал на Античка драма „Стоби“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.02.2011 година.

Број 08-779/12
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.02.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“

1.Од должноста претседател на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ се разрешува

-Зоран Љутков – актер

2.Од должноста членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“ се разрешуваат:

-Александар Ивановски - режисер,
-Ненад Витанов – режисер,
-Васил Зафирчев - актер и
-Славиша Ѓоргиев – маркетинг менаџер.

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/14
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

23.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“

Се објавува Решението за разрешување на претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.02.2011 година.

Број 08-779/13
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.02.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“

1.Од должноста претседател на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“ се разрешува

-Горан Петров, Градоначалник на Општина Велес

1.Од должноста членови на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“ се разрешуваат:

-Раде Силјан, писател – претседател на Друштвото на писатели на Македонија,

-Веле Смилевски – научен советник во Институтот за македонска литература,

-Драги Михајловски- професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

-Игор Крајчев – писател.

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/15
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

24.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.02.2011 година.

Број 08-779/14
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.02.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“

1.За претседател на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“ се именува:

- Горан Петров

2.За членови на Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“ се именуваат:

-Светлана Христова Јоциќ,
-Веле Смилевски,
-Игор Крајчев и
-Раде Силјан.

3.Мандатот на претседателот и членовите на Организациониот одбор трае 2 години.

4.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/16
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

25.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“

Се објавува Решението за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација

Интернационален фолклорен фестивал „Велес“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.02.2011 година.

Број 08-779/15
16.02.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.02.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување претседател и членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“

1.Од должноста претседател на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ се разрешува

-Томе Јаневски – член на Советот на Општина Велес

2.Од должноста членови на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ се разрешуваат:

-Бесим Ахмедов – претседател на ТКУД „Бирлик“,

- Петре Ничов – претставник на КУД „Керамичар“,

-Сашко Анастасов – претставник на ФА „Вила Зора“, и

-Тошо Јакимовски – претставник на КУД „Коле Неделковски“.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/17
14.02.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
